# Парламентарно собрание на Советот на Европа -PACE

Парламентарците кои го сочинуваат PACE се од националните парламенти на 47-те држави членки на организацијата. Тие се среќаваат четири пати во годината за да дискутираат тематски прашања и да побараат од европските влади да преземат иницијативи и да достават извештаи. Овие парламентарци зборуваат за 800 милиони Европејци кои ги имаат избрано. Тие отвораат прашања за дискусија по нивни избор, и владите на европските држави – кои се претставени во Советот на Европа преку Комитетот на министри –имаат обврска да одговорат. Тие се демократската совест на Голема Европа.

Од 1949, PACE, кое понекогаш се нарекува движечката сила на Советот на Европа, стои зад повеќето големи иницијативи на организацијата (на пример, Европската конвенција за човекови права). PACE мора да се консултира за сите меѓународни договори кои се подготвуваат во Советот на Европа. PACE ги избира судиите за Европскиот суд за човекови права и комесарот за човекови права, како и генералниот секретар и заменикот генерален секретар на Советот на Европа и генералниот секретар на парламентарното собрание.

Собранието ја следи ситуацијата и прави заложби да им помогне да државите да ги исполнат своите обврски. Доколку државата постојано не успева да го направи тоа, Собранието може да одбие да ги ратификува или може да ги повлече акредитивите на националната делегација на дадената земја. Како последно средство, Собранието може да даде препорака да се суспендира членството на земјата во организацијата.

Претставници на PACE одат во периодични теренски посети ширум Европа за да собираат информации за подготовка на извештаите на Собранието. Исто така, тие патуваат за да ги набљудуваат изборите. PACE постојано ја развива парламентарната дипломатија и промовирањето на активната вклученост на парламентарците во меѓународните односи.

PACE соработува со Европскиот парламент, Парламентарното собрание на ОБСЕ и други меѓународни парламентарни тела за да се зајакне влијанието на парламентарците во европските и меѓународните работи. Исто така, служи како парламентарна платформа за OECD и одржува тесни врски со неколку специјализирани агенции на Обединетите нации.

Текстовите кои се усвојуваат од страна на PACE – препораки, резолуции и мислења – служат како насоки за Комитетот на министри, националните влади, парламентите и политичките партии. Конечно, преку законодавството и праксата, со овие текстови се врши влијание и се подобрува животот на Европејците.